Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2024 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9396/20**
**од 28 декември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Сектор за правни и општи работи**

# ПРОГРАМА

# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА

**Декември, 2023 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 10, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и шесттата седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА

## I ВОВЕД

- Со програмата се уредува извор на финансиската конструкција
- Пресметани трошоци за заштита и спасување на подрачјето на Општина Гази Баба.
- Распределба на средствата за финансирање .
- Тековни активности и динамика на извршувањето на програмата.

Законот за заштита и спасување ги обврзува општините во градот Скопје да изготват програма за заштита и спасување.

Имајќи предвид дека Општина Гази Баба 2/3 е рурален дел и дел кој е во урбана средина, програмата за заштита и спасување ќе има за цел подобрување на превентивните мерки на делување во истите.

**Цели и задачи на програмата**

- Основна цел на оваа програма е да се обезбедат основни средства за превентивно делување на подрачјето на Општина Гази Баба.
- Согласно законските обврски да се врши дератизација на целото подрачје на Општина Гази Баба.
- Да се врши едукација и подготовка за превентивно делување.
- Формирање на доброволни противпожарни друштва нивно опремување и обука.
- Организирање на квиз натпреварување од страна на сите основни и средни училишта на територијата на Општина Гази Баба.
- Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи.
- Реновирање и обнова на засолништата во урбаните населени места.
- Теориска едукација и практични показни вежби за евакуација при катастрофи во соработка со одделението за управување при катастрофи на Црвен крст Гази Баба како и со ДЗС, ЦУК и релевантни институции.

## ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 1 | Согласно законските обврски двапати во текот на годината се врши дератизација на целото подрачје на ОГБ | април-октомври | 400,000.00 | | | | | | **400,000.00** |
| 2 | организирање на квиз натпревар против пожарна заштита од сите основни и средни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба | ноември | 55,000.00 | | | | | | **55,000.00** |
| 3 | дезинсекција - локална | по потреба | 100,000.00 | | | | | | **100,000.00** |
| 4 | дезинфекција - локална | по потреба | 100,000.00 | | | | | | **100,000.00** |
| 5 | организирање на квиз натпревар по прва помош во основните училишта | мај | 55,000.00 | | | | | | **55,000.00** |
| 6 | Поставување на надземни хидранти во сите населени места на подрачјето на Општина Гази Баба | во тек на годината | 200,000.00 | | | | | | **200,000.00** |
| | ВКУПНО | | **910,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **910,000.00** |
| | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | **100.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | |

**III ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Програмата за заштита и спасување за 2024 година ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Гази Баба, исто така како можност може да се јават и донации и спонзорства од приватниот сектор се со цел за поголема заштита на подрачјето на Општина Гази Баба.

Програмата за заштита и спасување ќе се одвива според потребите на подрачјето на Општина Гази Баба и во координација со градот Скопје, при што и градот Скопје може да се вклучи со свои средства за потребите на превентивно делување.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 01.01.2024 година.

**Број 09-9142/22**
**од 27 декември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**